Славчо КОВИЛОСКИ

# ЕДЕН ПОГЛЕД КОН СЕЛОТО КАКО ИЗВОР НА НАРОДНАТА ТРАДИЦИЈА

Селото како поим, отсекогаш предизвикувало контраст во однос на поимот град. Очигледните разлики кои постојат помеѓу нив, произлегуваат од нивните обележја и карактеристики, пред сé од обемот на заедницата и професијата на населението. Со оглед на тоа дека селото е рурална средина во кое земјата игра најголема улога за неговото издржување, сметајќи на врските кои ги поврзуваат членовите на едно селско семејство, сосема е логично во таа природна средина да се создаваат најразлични гледишта и толкувања на одредени појави, а потоа и одредени верувања и начини на нивно празнување.

Македонското село во својот развоен пат претрпувало промени во однос на епохите во кои постоело, почнувајќи од раниот феудализам, преку периодот на турското владеење (тимарско-спахискиот систем, чифлигарството), па сè до капиталистичкиот период и социјализмот. Сепак тие промени не биле толку големи и толку изразени како на пример промените што му се случувале на градот, каде со развојот на технологијата се менувал и неговиот изглед, со ширењето ги опфаќал околните населби, се граделе нови објекти за административни потреби и др. Според статистичките податоци од 1981 година, во Македонија доминираат малите села чиј број од вкупно 1553 села, изнесува 837*(1). Ако се земе бројот на жителите пак, најмногу населени се големите села со 483.888 жители од 303 населени места, за разлика од малите села во кои живеат 107.096 жители. Миграциите село-град особено може да се почувствуваат во периодот после Втората светска војна, кога илјадници луѓе ги напуштаа своите домови за да се населат во градовите, каде што со планската индустријализација требаше да им се дадат станови и работни места во фабриките. Меѓутоа, депопулацијата на селото беше присутна уште од претходниот период; една од причините беше географската местоположба и квалитетот на земјиштето, но во повоените години, таа миграција значително се зголеми, така што денес постојат села наполно раселени или со мал број жители, во најголемиот дел старци. Начинот на кој тие живеат е малку променет во однос на предходните генереции кои опстојувале таму. Тоа најмногу важи за планинските и ридските села, каде што продорот на денешните цивилизациски придобивки е во помала мера изразен. Тоа се места каде автобуските линии се ретки или воопшто ги нема поради малубројноста на тамошното население, потоа немањето на асфалтирани

патишта што пристапот до нив го прави отежнат; немањето на комуникативни врски (пошта, телефон); неможноста да се произведуваат земјоделски култури а сточарството е во опаѓање... Како пример би можеле да ни послужат Мариовските села, каде на една голема територија живеат помалку од 3.000 луѓе.

Периодот кога врските во едно селско семејство беа посилни, кај нас беше прилично изразен до почетокот на масовните иселувања од селото во педесетите, шеесетите и седумдесетите години од XX век. Механизацијата која беше на располагање воопшто ја немаше или ја имаше во мал број (неа ја имаа пред сé колективите). Главната одлика на ваквото семејство беше патријархалноста. Авторитетот бил олицетворен во ликот на најстариот член на заедницата - таткото, а потоа мајката и синовите. Во поголемите заедници живееле и други крвно поврзани членови. Секој од нив имал свои задолженија.

Улогата на раскажувач ја имал како што беше споменато, најстариот, но тоа секогаш не било правило. Тоа можел да биде и некој друг чии ораторски способности биле силно изразени, со што ги привлекувале другите да слушаат - значаен факт што не може да се одбегне, бидејќи без говорничка дарба тој не би бил во состојба да го задржи вниманието на слушателскиот круг, колку и да бил интересен настанот за кој се зборувало. Бидејќи машкиот дел од семејството бил почесто во движење, тој повеќе можел да види и да забележи: одејќи на пазар, орајќи, пасејќи го добитокот, тој бил во контакт со луѓето и природата. Порано голем дел од нив оделе и во војна. Така стекнувале нови искуства и дознавале за нови настани. За разлика од нив, жените, се грижеле за куќата и не биле изложени на така големо надворешно влијание, но кај некои од нив дарбата за раскажување и пеење доаѓала до израз, па така тие се истакнувале по своите знаења за „старските работи“. Таков е и примерот со пејачката Дафина од селото Просеник, во близината на Серез од која Стефан Верковиќ збележал 270 песни*(2). За разлика од раскажувањата за децата, постарите расправале за посериозни прашања, но и покрај сериозноста на разговорите што ги воделе, тие честопати биле преплетени со поговорки и анегдоти. Тоа е една од специфичностите на селската култура, усната традиција. Со неа знаењата од една генерација се пренесувале на друга. Меѓутоа, на тие знаења свое влијание имал и човекот кој ги пренесувал, па така се менувала нивната точност и нивната должина на траење. Квалитетот се менувал со способноста на ораторот да ги долови најважните моменти од настанот, односно неговата цел.

Најважните настани најмногу се паметеле. На тој начин можеле да се зачуваат сеќавања стари до два века. Поради нивната важност традицијата ги одржувала долго време. Случувањата станувале институција. Со текот на времето се додавале нови елементи, се трупале субјективности па затоа за еден ист настан можат да се сретнат неколку различни искази.

Со напуштањето на селото народните творби се заборавааат и исчезнуваат, бидејќи не се снимени или запишани. Карактеристично за нив е анонимноста на нивниот создавач. Со прифаќањето на умотворбите на селската заедница, се губи индивидуалноста, и тие стануваат општи,

на сите. Наследувањето на занаетите придонесувало за наследување и на занаетчискиот јазик и речник. Во планинските села каде што доминирало сточарството, се користела посебна терминологија, во однос на полските села каде главна дејност е земјоделството.

Во однос на народното творештво особено впечатливи се легендите, каде народот на нему својствен начин, го толкува името на селото со настани со кои според нивните верувања, тоа го добило името (и не само имињата на селата, туку и имињата на езерата, реките, мостовите, градовите). Така, постојат легенди за голем дел од македонските села, како на пример за селата Василево, Слепче, Зрзе, Крапа и др. Од нив, како и од народните песни, можат да се извлечат некои податоци кои можат да и послужат на историјата, но сепак кон нив треба да се однесуваме со крајна претпазливост. На пример, во песните за дервените, се даваат податоци дека тие биле погодни свврталишта за питачите, низ кои како попатни места се движеле голем број минувачи и од кои барале милостиња за својата егзистенција (дервените се наоѓале на планинските места; служеле за заштита на патниците). Што е уште поинтересно, во некои од песните се споменуваат жени дервенџии. Ова не е потврдено во ниту еден изворен документ, што не значи дека тие навистина не постоеле.

Во Страцин, како дервенџиско село, се создавала и се зачувала народната традиција на народната песна. Една таква песна, во која се пее за дервенот, е запишана при теренско истражување во 1960-62 година*(3) и е прилично непозната, додека некои од народните песни станале општопознати и се пеат на разни собири. Би ја спомената песната „Усо Тимјанички, царот неготински“ и „Црна се чума зададе“. Се чини дека со мало „шминкање“ на повеќето од народните песни, во духот на времето, одново би можеле да се здобијат со широка популарност и слушаност, бидејќи тие се испеани од народот и тој повторно би ги препеал.

Една од традициите на селото се и селските празнувања. Такви прослави се случуваат на празниците, на свадбите, крштевките и на други веселби. На ваквите празнувања посебно внимание добивале музичарите т.е. свирачите, со кои е поврзан развојот на народните инструменти. Во тој контекст треба да се забележат и народните игри - ората. Со разните видови стапки тие претставуваат своевидно богатство на специфичното поднебје, а истовремено и на македонската култура и традиција. Би ги спомената и народните носии кои се разликуваат од еден до друг крај.

Собирањето претставувало уште еден метод на социјализирање на луѓето од селото. Тогаш една заедница влијаела врз друга, додавајќи нови или отфрлајќи ги старите принципи на однесување, иако овој процес се одвивал бавно. Собирите се користеле за прераскажување на случките, коментирање на односите во заедницата и често, за озборување на некоја личност. Во недостиг на информации збиднувањата се вооппштувале, фантазијата растела и се надоврзувале разни мистични својства на појавата, а бидејќи религијата играла голема улога во животот на селанецот, верувањата станувале општоприфатени и придружени со низа ритуали: поклонување, принесување на подароци, молитви. Целта била да се придобијат натприрод-

ните сили; стравот од непознатото преминувал во почит кон необјаснетото. Овие традиционални вредности во голем дел се застапени и во градовите. Со преселбите од село во град се задржувале обичаите кои сега се одржувале во поинакви услови од претходните. Магиско-мистичниот поглед на светот продолжува да егзистира и тука, иако му се придава помало значење, особено ако членовите на сега веќе градското семејство активно се вклучени во урбаната култура (службеници, фабрички работници, ако имаат допир со технологијата-компјутери и сл.). Дека процентот на селското население во Македонија е во опаѓање, говори податокот дека во 1961 година во градовите живееле 38,6% од жителите, додека пак во 1991 година тој процент е зголемен на 58,6%, со тенденција на понатамошно зголемување. Таа појава особено станува загрижувачка кога ќе се види вкупниот размер на иселувањата во периодот од 1961-1991 година, кога се зголемува бројот на малите села за подоцна некои од нив целосно да се раселат, практика која ќе продолжи и понатаму доколку не се преземат мерки за урбанистичко уредување на селата.

Постепено исчезнуваат и традиционалните норми на селото. Земјоделството како начин на опстанок, се професионализира со промените на производната техника, во пазарно производство. Тоа е најчесто во селата со приоритет во нивниот развој, каде современата технологија има значајно место, додека во селата каде што емигрирањето целосно ги опфатило и во нив претежно живеат постари лица, тој магиско-мистичен поглед сè уште опстојува и се одржува, макар што и тој денес е расколебан под влијанието на модернизацијата.

Литература:

1) Митко Панов, Селата во Република Македонија, книга 1, НИО Студентски збор, Скопје, 1993, с. 24.

2) Стефан И. Верковиќ, Македонски народни песни, книга прва, подготвил и редактирал Кирил Пенушлиски, Македонска книга, Скопје, 1985, с. 62.

3) Д-р Александар Стојановски, Дервенџиството во Македонија, Скопје, 1974, с. 139.